Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

02 Февруари, 2023

**Архивски број : 67 - 937/4**

**До:**

Субјект (назив на институцијата)

**Предмет:** Известување за одржување јавна презентација и јавна анкета за донесување на ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА за изградба на рударски комплекс "Плавица ", КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Кратово и Општина Пробиштип.

Почитувани,

Во врска со член 35 став (3) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 95 став (1) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), Ве известуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација за ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА за изградба на рударски комплекс "Плавица ", КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Кратово и Општина Пробиштип.

Предметната локација за изработка на ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА за изградба на рударски комплекс "Плавица ", КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, општина Кратово и општина Пробиштип, се наоѓа на околу 3.5 км јужно од Кратово во кратовската област во северно-источна Македонија , околу 65 км источно од Скопје , а со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Кратово и Општина Пробиштип, на подрачјето на катастарските Општини КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево. Планскиот опфат е со површина од 469,99ха и


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

преставува дел од локалитетот “Плавица и Црн врв“ опфатен со концесиски договор за експлоатација на минералната суровина – бакар, злато и сребро со Владата на Република Северна Македонија застапувана од Министерството за економија.

Јавната презентација и јавната анкета по Државната урбанистичка планска документација ќе се спроведе со излагање на планската документација во просториите на Општина Пробиштип, а исто така планската документација е достапна и во информацискиот систем е-урбанизам.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена односно од 20.02.2023 година до 24.02.2023 година. Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета е објавено во јавните гласила и во информацискиот систем е-урбанизам. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со планската документација можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Јавната презентација со стручно презентирање на планската документација ќе се одржи на ден 23.02.2023 година (четврток) во 11.30 часот, во просториите на Општина Пробиштип.

Со почит,

Раководител на Сектор за уредување на просторот:
Весна Андриевска, диа

Изработил: Александар Карангелов, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk